РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 04-654/10
05.06 2025 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Богданци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Општина Богданци**

1. За извршител на работното место Советник за меѓуопштинска и меѓугранична соработка со шифра **УПР0101В01000** во одделението за локален економски развој, по јавниот оглас бр. 178/2025 се избира кандидатот со идентификациски код 934Е72С Борис Ванчев.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Во врска со јавниот оглас бр. 178/2025 објавен на 22.04.2025 година на веб страница на Агенција за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение бр. 10-809/3 од 24.04.2025 година, на ден 07.05.2025 година, изврши административна селекција и констатира дека за огласеното место под реден број 1 уредно се пријавени 3 кандидати (записник бр. 10-809/4 од 07.05.2025 година).

На ден 26.05.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-809/5 од 26.05.2025 година), а на ден 28.05.2025 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник (записник бр. 10-809/6 од 28.05.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 178/2025 под бр. 10-809/7 од 29.05.2025 година и истиот беше доставен до Градоначалникот на Општина Богданци.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
БОГДАНЦИ
ОПШТИНА БОГДАНЦИ